## 5. КАРТИЧКИ

### Дебитни и кредитни картички

Преку ова мени може да ги следите Вашите дебитни и кредитни картички, со детали за салдата и направените авторизации со истите. Може да направите предвремена отплата на долгот по кредитната картичка, преку избор на опцијата “Плати”, која води кон шаблон на налог во кој го внесувате само износот кој сакате да го платите. Исто така, има информација за: расположливото салдо на картичката, рок на важност на картичката, платежна сметка со која е поврзана конкретната картичка, статус итн.







**ЛИМИТИ** - Промената на лимитите на дебитни и кредитни картички се врши со избор на опцијата “ЛИМИТИ” при што на следниот екран можат да се видат постојните активни дневни лимити. Бараните дневни лимити се менуваат во соодветните полиња за АТМ лимит, ПОС лимит и Вкупно, се прифаќаат изјавите во долниот дел на екранот и се потврдуваат со избор на полето “ПРОМЕНИ ЛИМИТИ”. По успешно авторизирано барање со потпишување со ПИН или Биометрија (Fingerprint or Face recognition), бараните лимити се веднаш променети.

Промената на дневните лимити не е дозволена за некативни и блокирани картички.

**БЛОКИРАЈ** - Промената на статусот на картичката можете да ја извршите со избор на опцијата “БЛОКИРАЈ” или “ДЕБЛОКИРАЈ” доколку станува збор за картичка која веќе е блокирана. На следниот екран се прикажани деталите за конкретната картичка, се прифаќаат изјавите во долниот дел на екранот и со блокадата/деблокадата се потврдува со избор на полето “АВТОРИЗИРАЈ”. По успешно авторизираното барање со потпишување со ПИН или Биометрија (Fingerprint or Face recognition), статусот на картичката е веднаш променет.